ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДЕРМАТОЛОГИЈА
INSTITUCIONI PUBLIK SHËNDETËSOR
KLINIKA UNIVERSITARE PËR DERMATOLOGJI
Бр.-Nr. 04-354/17
24.07. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ SHKUP

Врз основа на член 161 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 30/24, 74/24 и 170/24), а согласно чл.23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 27/16, 120/18, 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), чл.30 и чл.31 од Статутот на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје, Годишниот план за вработување на ЈЗУ УК за дерматологија за 2025 година, Правилникот за систематизација на работни места на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје бр.02-306/4 од 13.04.2017, Известување од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства бр. 19-5678/2 од 18.06.2025 година, јавен оглас бр. 04-354/2 од 03.07.2025 година за вработување на неопределено време на работно место медицинска сестра со ССС -3 (три) извршители и медицинска сестра со ВСС -1 (еден) извршител, В.Д. Директорот на ЈЗУ УК за дерматологија-Скопје на ден 24.07.2025 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

## За избор на кандидати по јавен оглас бр. 04-354/2 од 03.07.2025 година за вработување на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје

Член 1

По јавниот оглас бр. 04-354/2 од 03.07.2025 година за вработување на медицинска сестра со ССС - 3 (три) извршители и медицинска сестра со ВСС - 1 (еден) извршител на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје, се врши избор на следните кандидати:

1. За работно место медицинска сестра со ССС - 3(три) извршители, се врши избор на следните кандидати:
- Кристијан Столевски од Скопје
- Ема Апостолова од Скопје
- Елма Беговиќ од Скопје

2. За работно место медицинска сестра со ВСС - 1(еден) извршител, се врши избор на следниот кандидат:
- Елена Гиноска од Скопје

Член 2

Изборот е извршен врз основа на ранг листа на кандидатите кои ги исполнуваат условите од објавениот оглас, според резултатите од стручниот испит и спроведеното интервју.

Член 3

Именуваните избрани кандидати ќе бидат вработени на работните места од чл.1 на оваа одлука по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката.

Член 4

За извршениот избор ќе бидат известени пријавените кандидати .

Член 5

Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈЗУ УК за дерматологија и на огласна табла во Клиниката.

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На ден 03.07.2025 година во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" беше објавен јавен оглас бр.04-354/2 од 03.07.2025, за вработување на медицински сестри со ССС - 3 (три) извршители и медицинска сестра со ВСС - 1 (еден) извршител на неопределено време во ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје.

Комисијата за селекција на кандидати пријавени по јавниот оглас за вработување изврши селекција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите за понатамошниот дел од постапката за вработување и по спроведување на стручниот испит од постапката за вработување, достави до работоводниот орган на Клиниката ранг листи на кандидати за избор.

Имајќи ги во предвид ранг листите за огласените работни места, по извршено интервју со кандидатите од ранг листата, работоводниот орган одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 8 (осум) дена од приемот на известувањето и одлуката за избор на кандидат.

ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија-Скопје
В.Д. Директор
Проф.д-р Катерина Дамевска